ГОГО ПОПОВ (14.02.1908 - 31.08.1979)

## ПРВИОТ И НАЈЗАСЛУЖЕН ФОТОГРАФ-ДОКУМЕНТАТОР ВО ПРОЦЕСОТ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА, КОНЗЕРВАЦИЈАТА И ЗАШТИТАТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И АФИРМАТОР НА ПРИРОДНИТЕ УБАВИНИ НА МАКЕДОНИЈА

(По повод стогодишнината од раѓањето на Гого Попов)

Гого Попов, без сомнение, беше еден од доајените на фотографијата во Република Македонија. Како човек, се одликуваше со повеќе доблести. Меѓутоа, две од нив, несомнено имаа приоритет во неговиот живот. Прво, тој беше вистински вљубеник и поклоник на фотографијата, на фотографскиот занает, што го научи и усоврши до мерка на уметност. Тоа, впрочем, му беше и единствениот капитал добиен како семејно завештание, од својот татко, исто така, еден од најстарите фотографи во Македонија. Второ, тој беше по дух натпреварувач, најчесто незадоволен од дотогаш постигнатото.

Како фотограф, го следеше брзиот развој на фотографијата и не сакаше да се почувствува дека заостанува во следењето на развојот на овој неверојатен медиј, што го претвори во незаменлив историски хроничар и неодминлив придружник и фактор во животот на луѓето ширум нашава планета. А како спортист - скијач, секогаш беше меѓу натпреварувачите, меѓу оние, кои први стигнуваа на целта. Помладите спортисти - скијачи, го ценеа и почитуваа, не само како свој инструктор по скијање, туку и како смел, хуман и благороден човек, кој често ги предводеше екипите за спасување, кога некоја лавина ќе затрупаше некого во планините. Ги знаеше тајните на планините, за нив зборуваше со восхит, но ги знаеше и опасностите кога снежните наноси ќе надвиснеа над животите на нивните поклоници.

Во фотографскиот дуќан на својот татко, Гого Попов ги изучи и многу брзо ги совлада сите тајни на фотографскиот занает, кој во тоа време спаѓаше во редот на високопочитуваните занаети. Но, брзо дојде и до сознанието, дека не му претставува голем предизвик и задоволство, во фото-ателјето да фотографира, како што сам велеше, само сурати, па уште одозгора да ги ретушира негативите со нивните лица, за да се бендисаат фотографираните. Тој бараше нешто друго. Неговата љубопитност бараше нови предизвици. Тоа, нешто друго, го одведе во штотуку формираниот Музеј во Скопје, што имаше за цел да ги собере на едно место дотогаш, малку ценетите и на сите страни расфрлени движни споменици на културата и да оформи фото-документација за нив. Од времето на првото формирање на Музејот во Скопје, во периодот на триесетите години на дваесетиот век, па се до формирањето на Централниот завод за заштита на спомениците на културата и природните реткости во 1948 година, Гого Попов имаше улога на официјален музејски фотограф. Со формирањето на Централниот завод за заштита на спомениците на културата и природните реткости, тој стана Заводски фотограф и со неговата работа најтесно се врзани активностите околу фото-документацијата на сите движни и недвижни споменици на културата во Република Македонија, се до деновите на неговата смрт. Колку изнесува тој фонд од негативи и фотографии, денес е тешко да се прецизира, меѓутоа, со сигурност може да се смета дека станува збор за повеќе стотини илјади негативи и фотографии. Она што посебно, по овој повод треба да се нагласи, е фактот дека неговите негативи и фотографии, за некои споменици на културата, денес се единствните сведоштва за нив, бидејќи некои од објектите и предметите одамна веќе не постојат.

При работата на фото-документацијата на спомениците на културата, неговата грижа да се постигне максимален можен квалитет, се одликуваше со висока професионалност и совесност, посебно кога предмет на документацијата беше фрескоживописот на средновековните цркви и манастири. Колку за илустрација на тој труд, нека послужи, на пример, фото-документацијата на фрескоживописот на познатиот средновековен манастир посветен на св. Ѓорѓи во село Старо Нагоричане, кумановско. Од камерата на Гого Попов, не останал неопфатен ниту еден од насликаните ликови, дело на познатите средновековни зографи од 14 век, Михаило и Евтихиј, и покрај тоа што во храмот се наоѓаат насликани стотина композиции со над две илјади ликови на светители.

Учествувајќи со години во евиденцијата и документацијата на иконите во црквите и манастирите во Македонија, пред фото апаратот во рацете на Гого Попов, продефилираат повеќе од дваесет илјади икони.

Со голема љубов и со посебно внимание тој ги фотографираше копаничарски изработените иконостаси, настојувајќи да ги открие најуспешно изведените сцени и детали. Голем предизвик за него претставуваше документацијата на процесите на конзервација на старите охридски икони, што се одвиваше во првите години по ослободувањето на Македонија, во конзерваторската лабораторија, во која во негово време работеше екипа предводена од еден неверојатно смел и успешен конзерватор, познатиот сликар-конзерватор Здравко Блажиќ, со своите соработници, сликарите-конзерватори: Спасе Спировски, Јосиф Трајковски, Соколе Шутиновски и Илија Кавкалески.

А кога се појави колор-фотографијата, неговата желба да го совлада новиот процес, стана секојдневна опсесија. Во тоа, тој најде соучесник и поддржувач, во тогашниот директор на Централниот завод за заштита на спомениците на културата и природните реткости, познатиот архитект Борис Чипан. Двајцата затворени во тесниот и мрачен простор на заводската фото-лабораторија, со денови се трудеа да ги одгатнат загатките на новата технологија. За чудо на вработените во институцијата, по извесно време, од лабораторијата, на светлината на денот, изнесоа колор фотографии на некои познати средновековни икони, односно, ги изнесоа првите колор-фотографии направени во лабораторијата на Заводот за заштита на спомениците на културата во Македонија. Нивниот квалитет, од тие кои ги видоа, беше оценет како одличен, иако, единствениот кој не беше сосема задоволен, беше токму Гого Попов. Има, уште многу тајни што треба да се откријат, велеше тој. Старото злато на фонот на иконата, не е тоа што треба да биде.

Натпреварувачкиот дух на Гого Попов, повторно се покажа како пресуден. Тој мораше да стигне меѓу првите на целта. И стигна. Набргу старото злато на иконите се појави на колор-фотографиите, а Гого Попов, вртеше со главата и велеше, сепак нема ништо подобро од црно-белата фотографија.

Гого Попов од поодамна беше познат, не само кај неговите спортски пријатели - љубителите на скијачкиот спорт, туку и меѓу поширок круг стари скопјани, како скијачот со фотоапаратот на вратот. Неговиот фотоапарат со години на ред ги бележеше убавините на македонските планини, посебно во периодот кога тие беа покриени со снежна покривка. Не би било нескромно ако се каже дека, многу луѓе, кои не биле поклоници на скијачкиот спорт, и кои никогаш немале шанса да посетат некоја планина кога била покриена со дебела снежна покривка, тоа задоволство и таа убавина можеа да ги почувствуваат преку фотографиите на Гого Попов, работени во црно-бела техника, откривајќи го нивниот автор, не само како висок мајстор, туку и како недостижен вљубеник и поклоник на природата.

Идејата да се организира и прикаже дел од творештвото на Гого Попов, потекна од членови на неговото семејство. Неговата сопруга Дана, инаку неприкосновениот поддржувач на дејноста на својот сопруг, со посебен пиетет и грижа, настојуваше да ги зачува некои од неговите дела, не само како спомен, туку и како документ за едно време, свесна дека еден ден фотографиите создадени од нејзиниот сопруг, ќе бидат ценети сведоци за историјата на творештвото на старите зографи, а некои од нив, ќе сведочат и за убавините на македонската земја.

Се разбира, ова не е прва и единствена изложба на неговите дела. Изложби со фотографии се правени и порано, но ова секако е многу значајна изложба направена посмртно, која има единствена цел да не потсети на еден скромен, меѓутоа многу заслужен човек, кој во ризницата на Македонија, остави скапоцена документација за културното и природното богатство на Република Македонија.

Како минуваат годините, несомнено, ќе стануваме се посвесни за наследството што ни го оставија првите македонски фотографи, меѓу кои Гого Попов има посебно и многу значајно место.

Д-р Коста Балабанов